# НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

## I.ВОВЕД

За надоместот на нематеријалната штета како правен институт во нашиот правен систем постои богата судска пракса. И покрај тоа потребата да се анализира судската пракса со цел да се унапреди правната мисла е условена од фактот што на судовите и судството во целина, овој институт им носи "еден товар" бидејќи странките во овие спорови, често без основа им препишуваат субјективност и ја доведуваат во прашање непристрасноста на судот. Ова е така поради едноставното прашање: може ли објективно во пари да се одмерат вредности кои се тешко мерливи. Нашиот Закон како предмет на овој вид штета ги определува вредностите, а кои по својата природа се духовни, психички, аспрактни а со тоа и тешко одредливи и ги опфатил со општиот правен израз "правичен паричен надоместок", кој се досудува како надомест на нематеријална штета. Токму затоа, да се пишува за надоместокот на нематеријалната штета, во контекст на судската пракса главната цел е да се воедначат разликите во определениот правичен паричен надоместок, во контекст на слободното судиско уверување при досудувањето на истиот.

Исто така, постои еден многу актуелен поттик за оваа тема: се почестото обраќање на носителите на јавни функции, службени лица кои по повод вршењето на оваа професија или должност, се изложени на критика, а со тоа да почувствуваат повреда на честа и угледот. Многу е важно да се анализира за каква компензација за повреда на таа личност се определува судската пракса, низ надоместот на правичниот паричен надомест и дали во овие случаи е присутно надоместувањето на нематеријалната штета преку морална сатисфакција. Ова особено во контекст на обврската на судот преку доказната постапка да утврди, дали штетата стварно настапила за конкретната јавна личност, и ако е тоа случај, на кој начин да се утврди нејзината висина и начин на надоместување, со цел да се индивидуализира таа штета.

## II.ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА

Нашето законодавство одамна го познава институтот на надомест на нематеријална штета[1], а со нивелирањето на ЗОО од 2008 година односно со донесувањето на Измените и дополненијата на ЗОО се пристапи и кон подетално определување на квалификаторните околности кој го оправдуваат досудувањето на справедливиот паричен надоместок за претрепена нематеријална штета.

Поимот што претставува нематеријална штета го определува Законот[2] според кој:"Нематеријална штета е штета нанесена од повреда на личните права, на физичко или правно лице за претрепени физички бол, претрпени душевни болки и поради намалување на животната активност, нагрденост и претрпен страв". При вака дефинираната нематеријална штета може да се постави забелешка дека

всушност овој вид штета може да го трпат само физички лица, а во секојдневната судска пракса се среќава истата да биде нанесена на правни лица. [3] Исто така во случај на повреда на личноста судот може да досуди нематеријална штета заради повредената чест и угледот на конкретно лице [4].

Во досегашната судска пракса, која е втемелена на основа на примената на Законот за облигационите односи, правичниот паричен надоместок како облик на надоместување на нематеријалната штета, најчесто се нарекува сатисфакција или задоволување за нанесената штета. Всушност, најчесто се употребуваше терминот “правичен паричен надомест“, чија смисла беше да се овозможи задоволување или сатисфакција на оштетениот.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополненија на Законот за облигациони односи, се воведува нова одредба[5] која носи наслов “заштита на личните права“, со која на нов начин е поставен надоместокот на нематеријалната штета. Па така, направено е дефинирање на институтот на лични права на начин што за секое правно или физичко лице покрај заштитата на имотните права, законот конституира и право на заштита на личните права, за кој смета дека му се повредени. Притоа во измените е пристапено кон набројувањето на личните права кои се предмет на заштита и како такви се подразбираат: правото на живот, на телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права. Повторно да нагласиме дека заштита на овие лични права имаат и правните лица, единствено разликата е во тоа што тие немаат заштита само на оние права кои се поврзани со биолошката суштина на физичкото лице. За правните лица како најчеста заштита е правото на добар глас и углед, односно заштита на фирмата, деловната тајна, слободата на претприемаштвото и други лични права на правните лица.

## III. ОБЛИЦИ НА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА И ПРАВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА НЕЈЗИНО ДОСУДУВАЊЕ

Според одредбите на Законот за облигациони односи и неговите измени и дополнувања, нематеријалната штета е предвидено да се надоместува: во вид на нематеријален надомест, или како морална сатисфакција и материјално надоместување на нематеријалната штета во случаите предвидени со закон. Веќе нагласивме дека законот признава надомест на нематеријална штета само за оние правно признаени облици на нематеријална штета кои законот таксативно ги набројува,што би означувало дека во судската пракса можат да се надоместува само овој вид на нематеријална штета која е пропишана со Законот за облигациони односи и со други закони. Покрај во Законот за облигациони односи постојат и други закони кои конституираат облици на надомест на нематеријална штета[6]. Притоа, сепак да нагласиме дека овие посебни закони не ги определуваат посебните облици на нематеријална штета на која оштетениот има право на правична парична награда, односно тие не ја пропишуваат листата на обликот на надоместување, туку одредбите на овие закони се применуваат во сооднос со одредбите на Законот за облигациони односи.

## IIIa. НАДОМЕСТУВАЊЕ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕКУ МОРАЛНА САТИСФАКЦИЈА.

Надоместокот на нематеријалната штета преку така наречена морална сатисфакција, се состои во пропишаната законска можност, во случај на повреда на личните права на оштетениот, покрај материјалниот надоместок, тој може да бара од судот да нареди на трошок на штетникот да се објави пресудата, односно исправката за повлекување на изјавата со која е сторена повредата на личните права на оштетениот или нешто друго, со што може да се оствари целта која се постигнува со справедлив паричен надоместок. [7] Судската пракса не изобилува со примери за практична примена на оваа законска можност, но во секој случај таквата сатисфакција судот може да ја досуди во вид на објавување на пресудата, односно на исправката, или да нареди штетникот да ја повлече изјавата јавно, а со која изјава е сторена повреда на личноста на оштетениот. На овој начин оштетениот може да изрази дека и без надоместување на справедлив паричен надоместок ќе може да се постигне целта на надоместувањето на нематеријалната штета. Притоа, секогаш повлекувањето на одредена штетна изјава за некоја личност, со која изјава е повредена честа и угледот на таа личност е можна само тогаш кога таа се однесува на определени факти, а не во случај кога таа претставува определен вредносен суд за таа личност кој вредносен суд предизвикал омаловажување на личноста.

Во судската пракса многу е тешко да се определи што е она што значи вредносен суд за една личност, а притоа да не постои намера да се омаловажи таа личност, или пак да се нема таква намера. Во секој случај законот не ја забранува критиката која е наменета со намера за научна, книжевна или уметничка критика за определено дело, и истата да биде во вид на сериозна критика за вршење на службена должност, или ако таа критика е изречена во вршење на новинарската професија, политичка или општествена дејност, во одбрана на некои права или одбрана на јавен интерес, а од начинот на кој таа е изнесена да не е сторена со намера за омаловажување.

Се разбира дека сите овие нијанси предизвикуваат доста тешкотии во судската пракса: Што е она што е изречено со намера за омаловажување, а што е тоа што е јавно искажано, без таа намера? Веќе наведов дека постои скромна судска пракса во која е определено оштетениот да побара објавување на исправка или одговор во случај на повреда на личните права со објавување на одлуката во медиумите. Ова особено ако физичко или правно лице побара од одговорното лице - уредникот на радиодифузерот бесплатно да објави исправка, односно одговор на емитувана неточна односно нецелосна информација, со кое се повредува легитимното право или интерес на физичкото или правното лице, а со што е нарушен неговиот углед, достоинство, добар деловен глас и слично.

Во нашиот правен систем посебно значење од аспект на примената на надоместувањето на нематеријалната штета преку морална сатисфакција има потпишувањето и ратификацијата на Европската конвенцијата за човековите права со што таа стана рамноправен извор на правото во нашата земја, како и судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур[8]. Со овие документи се обезбеди поширока гаранција на правото на слобода за изразување заштита која

треба да ја обезбедат независни и непристрасни судови предвидено во членот 10 од Конвенцијата.

Овие два релевантни меѓународни правни извори се од особено значење за современата правна мисла, поради утврдените гаранции на дозволената критика за работата на носителите на јавни овластувања, чии рамки се гарантираат со правата на слободно изразување предвидено со членот 10 од Конвецијата за заштита на човековите права.[9]

Гаранциите на дозволената критика за политичарите како јавни личности се пошироки во однос на обичните граѓани односно од останатите јавни личности. Работата на избраните претставници на граѓаните секогаш привлекува внимание, грешките на носители на јавни овластувања секогаш се предмет на оценка на јавноста и легитимна цел е да се контролира нивната работа и да се формира јавно мислење. Уште со прифаќањето на определена личност, да биде избрана од граѓаните на определена функција, таа треба да биде подготвена да покаже високо ниво на толеранција на критика на неговата работа. Токму затоа, гарантираното право за слободно изразување за работата на јавните личности од новинари, стручњаци и од научната јавност, треба да продуцира поголем степен на прифаќање на критика а тоа секако дека има влијание и при оценка на судот за надоместот на побаруваната штета. Особено новинарите имаат клучна улога во демократското општество да пренесуваат точни информации за афирмативните активности на демократската власт, но исто така и за одделни девијации и постапки спротивни на законите, за прашања кои се од јавен интерес. Секако дека не смеат да се преминат некои граници, особено во однос на угледот и правото на јавната личност, односно судот секогаш треба да проценува дали е пренесена точна и аргументирана јавна информација во согласност со етиката на новинарството, односно никогаш да не дозволи да се преминат прифатливите граници на критика. Во досудувањето на надоместокот на нематеријална штета за ваков вид на дејствија како во вид на морална сатисфакција така и во вид на справедлив паричен надоместок секогаш судовите како извор на право потребно е да ја имаат во предвид праксата на Европскиот суд за човекови права. [10]

## IIIб. НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕКУ ПРАВИЧЕН ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

Кога судот ќе утврди дека оштетениот има право на надомест на нематеријална штета при определувањето на висината на тој надоместок веднаш пред себе го поставува изворедно сложеното прашање за утврдување на објективни стручни, а потоа правни критериуми според кој би се оценувала дали воопшто постои право на оштетениот на таков надоместок, а потоа и колкав паричен износ да се досуди на истиот. Притоа стручниот наод на вештите лица судот секогаш има обврска да го преоценува бидејќи последниот збор за определување на висината на надоместокот на нематеријалната штета и другите елементи кои влијаат врз нејзиното досудување го има судот.

Во досегашното законодавство по однос на оштетното право нема систематизирани одредби за утврдување на висината на нематеријалната штета на лицата и дека досега не се најдени релативно едноставни формули кои би ја

олесниле улогата на судот за да ја определи висината на надоместокот на штетата на уништениот или оштетениот предмет. Законодавецот на многу земји нема донесено прецизни норми за утврдување на обештетувањето на оштетениот. Така е и кај нас, поради што кога судовите ја утврдуваат висината на надоместокот на нематеријална штета се раководат исклучиво од слободното судиско проценување, кое како право во нашиот правен систем е поставено широко. Сето тоа резултира со последица по исти основ да имаме досудено различни парични износи кои во судската пракса на Република Македонија единствено Врховниот суд на Република Македонија преку усогласувањето на судската пракса, ги усмерува пониските судови на единствена примена на законот.

На различна судска практика од оваа област како и на големи разлики во мислењата на медицинските стручњаци за последиците кои за своето здравје ги претрпел оштетениот од сообраќајна незгода (како најчест основ за побарување на нематеријална штета), често се укажува и во содржината на правните лекови но и на стручните и научни расправи кои се водат на оваа тема. Токму непостоењето на објетивизирани и општо прифатени медицински критериуми при проценувањето на последиците за здравјето на оштетениот е од извонредно значење, посебно за оцената на судот во врска со определувањето на висината на справедливиот правичен надоместок. Поради тоа оправдани се залагањата да се создаде најпрвин организирана судска пракса, со што во значителна мера би се придонело и кон правната еднаквост на оштетените. Ова, затоа што во случај на спор судовите би можеле покритично да ги оценуваат наодите и мислењата на судските вештаци, а потоа да пресудуваат дали постои право на надомест на штета и во кој износ таа да биде досудена. Според тоа објективноста, општата прифатеност и воедначеност на медицинската пракса од една страна и востановување на уредна судска пракса, сметам дека е главна претпоставка за поквалитетно и пообјективно определување на висината на правичниот паричен надоместок, а со тоа и за пообјективно судење и зголемување на угледот на судството во оваа област.

По овој основ судовите можат да досудуваат кога за тоа се исполнети законските услови како справедлив паричен надомест но и надомест во вид на морална сатисфакција.

## IV. ОСНОВНИ ЗА ДОСУДУВАЊЕ НА СПРАВЕДЛИВ ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

### IV. а.ФИЗИЧКА БОЛКА

Основ за досудување на надомест за физичка болка е Законот за облигациони односи, според кои оштетениот има право на тој вид на надоместок, ако судот најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и нивното траење тоа го оправдува, оштетениот да го прими овој вид на обештетување. Во судската пракса најчесто се присутни судски одлуки во кои се досудува паричен надоместок за штети поради физичка болка која што е предизвикана поради физичко повредување во сообраќајни незгоди но и поради друг вид на кривични дела кои се извршени со различни облици на насилство. Во утврдувањето на овој вид на надомест судот секогаш ги зема во предвид самото времетраење на физичката болка, интензитетот на нивната јачина, а недоволно се оценуваат другите околности на случајот од кои зависи примената на правото, особено висината на надоместокот. Значи при определувањето на висината на

правичниот паричен надоместок на материјална штета поради претрпени физички болки, се оценуваат сите околности, но како што нагласив најважна е должината на времетраењето, интензитетот на физичката болка. Дали и под кои услови може да се смета дека некој претрпува интензивен бол е предмет на оцена од страна на вешто лице. Притоа болките можат да бидат во вид на физичка болка или во вид на душевна болка поради намалена животна активност што како форми се најчести во судската пракса.

Од извршената анализа на судската пракса, како околности кои влијаат судот да досуди поголем или помал износ на надомест за претрпени физички болки, најчесто судовите го ценеле текот на лекувањето, должината, интензитетот на болките кои што оштетениот ги трпел поради нанесената повреда. Меѓу другите околности кои што влијаат на висината на штетата, кои се земаат во предвид се должината на траење на имобилизацијата, дополнителната рехабилитација на оштетениот  и слично. Судската пракса во однос на физичката болка зема дали станува збор за повреди од лесен или за тешки телесни повреди и аномалиите кој оштетениот ги здобил со нанесената телесна повреда. Се разбира дека при определувањето на висината на надоместокот судот секогаш тргнува од некои објективно утврдени критериуми за карактерот на повредата, причината и траењето на болките, и притоа покрај тоа што судот доминантно го цени медицинското вештачење, во судската пракса се потпира и на другите докази според своето слободно судиско убедување. Постојат примери во странската судска пракса, со цел да се објективизираат критериумите за определување на интензитетот и должината на физичката болка, а во согласност со тоа и висината на паричниот надоместок на штетата за претрпената болка, направени се обиди за утврдување на критериуми за определување на справедлив паричен надомест, што кај нас тоа не е случај.

Судовите во Република Македонија при досудувањето на штетата, најчесто се потпираат на вештачењата кои медицинските стручњаци ги систематизираат болките како јаки, средни и слаби болки и во зависност од тоа за каков вид на болка станува збор зависи и висината на штетата. Праксата покажува дека судовите недоволно ги користат своите процесни овластувања да раководат со вештачењето, односно во наредбата за вештачење попрецизно да ги определат рамките на стручниот наод и мислење на вештото лице, а потоа и да извршат критична преоценка на вештачењето во контекст на другите докази според своето слободно судско уверување.

## IV.б. ДУШЕВНИ БОЛКИ ПОРАДИ НАМАЛЕНА ЖИВОТНА АКТИВНОСТ

Претрпените душевни болки поради намалена животна активност исто така претставуваат основ за надоместување на паричен надомест за нематеријална штета и тие најчесто настапуваат како последица на телесна повреда на оштетениот. Телесната повреда сама по себе бара ваков облик на надоместок, но за неговата висина потребно е да се утврди интензитетот на душевната болка која што ја нанесува овој вид од телесно повредување. Со оглед на богатата судска пракса судовите при досудувањето на висината на овој вид на штета најчесто се повикуваат дека оштетениот трпи душевна болка поради претрпената телесна повреда тогаш кога тој не може да живеење на вообичаениот

начин на живеење како што живеел пред настанувањето на повредата ниту пак може да се определи еден подолг или пократок временски период да се занимава со активностите кои претходно во слободното време ги практицирал како што е спорт, рекреација и слично, односно нормалниот тек на животот му е намален. Заради тоа судовите во своите одлуки утврдуваат дека тој трпи душевна болка и како резултат на телесната повреда потребно е да му биде надоместен паричен надоместок за овој вид на трпење.

Намалената животна активност како посебна основа за надомест на штета ги опфаќа значи сите ограничувања на животните активности на оштетениот кој ги остварувал во текот на претходниот живот пред да биде телесно повреден, а по настапувањето на повредите настанало ограничување на тие животни радости или пак тој досегашниот начин на живеење го извршувал зголемување на напорите или под посебни околности.

Од анализата на образложението на конкретни судски одлуки произлегува дека душевна болка поради намалена активност настапува тогаш кога постои свест кај оштетениот дека неговата животна активност е намалена, а со тоа настапила душевна болка поради таквата негова животна состојба. За надоместокот на овој вид на штета најчесто во доказната постапка судовите се потпираат на медицинско вештачење со кое се утврдува намалената животна активност на оштетениот. Вештото лице ги утврдува сите последици поради кои настапила намалување на животната активност на оштетениот.

Висината на нематеријалната штета по овој основ зависи од јачината и траењето на душевната болка исто така оваа околност ја определува вешто лице од медицинска струка, а судот по своето слободно судско уверување утврдува која висина на штета претставува нормална сатисфакција за задобиените душевни болки по овој основ. Тука најчесто спаѓа степенот на инвалидитетот, јачината на инвалидитетот, временското траење на последиците, животната возраст на оштетениот, неговото поранешно занимање и дали сега има пречки во остварувањето на тоа занимање. Обично судовите при вештачењето бараат вештото лице да определи процент на инвалидитет што настапил кај оштетениот. Тоа најчесто го определува вештак од медицинска струка, но понекогаш е потребно и консултација од други струки бидејќи намалената животна активност не ја чини само настапената инвалидност[11].

За одбележување е фактот дека висината на надоместокот на штетата покрај степенот на инвалидитетот, медицинскиот третман, времетраењето на рехабилитацијата и слично влијание, влијание има и староста на оштетениот, неговата професија, односно дали таа намалена животна активност влијаела и врз обавувањето на професионалните задачи. Се разбира дека судовите при оценка на сите овие аспекти се раководат од природниот тек на нештата во животот, па така оценуваат дека помладите особи подолго време ќе чувствуваат душевна болка поради намалена животна активност бидејќи се очекува дека ќе имаат по природата на работите подолг живот. Така своевидно влијание имаат како што нагласив професијата како важен елемент врз кој се определува висината на душевната болка, особено кај лица кај кои физичкиот изглед е дел од професионалното обавување на нивното занимање ( балерини, глумици, менекенки, фотомодели и слично) [12]

## IV.в НАГРДЕНОСТ

Посебен основ за надоместување на нематеријална штета е претрпената душевна болка поради нагрденост и таа може да се определи како нарушување на дотогашниот надворешен изглед на лицето но оштетениот, а исто така нагрденоста може да се одрази и кон нарушување на некои телесни функции. И овој вид на надоместок судот го определува врз основа на медицинско вештачење, а како околности кои влијаат врз висината на овој надоместок е измената на надворешниот изглед, времетраењето, местото каде што се наоѓа нагрденоста дали е изложена на очите на јавноста во секојдневното живеење. Од влијание е и оценката дали здобиените лузни од телесните повреди предизвикуваат непријатност во комуникацијата со околината, односно дали предизвикуваат одвратност на околината, чувство на сожалување и други негативни реакции во средината во која што оштетениот дотогаш живеел и ќе живее. Медицинските стручњаци и за нарушувањето на нарушениот изглед степенуваат интензитет на нагрденост од средно и слабо кое може со козметички средства да биде намалено, но исто така и нагрденост кој е со силен интензитет и која не може да биде поправена на овој начин.

При оценката на интензитетот на нагрденоста судовите најчесто според своето слободно судиско уверување покрај медицинското вештачење најчесто ги земаат во предвид етичките и културните обичаи на средината во кое што повреденото лице дотогаш живеело, неговата возраст и повторно од особено значење е да се нагласи дека судовите признаваат поголем износ на надомест кај децата, младите особи и девојките, отколку кај постарите лица. Исто така и професијата има влијание на висината на надоместокот поради нагрденост така да кај некои професии на пример како е погоре изнесено видливата нагрденост може да има влијание врз натамошното обавување на дотогашната професија поради што и висината на надоместокот по овој основ е поголема. Општо земено судот при досудувањето на правичен паричен надоместок за нагрденост секогаш цени колку му е изменет изгледот и функцијата на телото, ликот на оштетениот, односно да настанале деформитети на телото, поради кои му се нарушени животните функции и нагрденост на ликот поради кои просечен човек би се чувствувал непријатно пред другите во околината во која што живее.

## IV.д. СТРАВ

Определување на нематеријална штета како правичен паричен надоместок поради предизвиканиот страв од телесното оштетување, или со други дејствија како посебен облик на душевно пореметување, е честа основа во судската пракса. Притоа потребно е да се нагласи дека стравот секогаш треба да биде интензивен, а пореметувањето исто така треба да има трајна природа и влијание врз идниот живот на оштетениот. За да биде досуден надомест на штета во вид на справедлив паричен надомест поради претрпен страв потребно е истиот да траел со определено времетраење кој бил почувствуван во определен временски период или пак да станува збор за страв кој ќе има последици врз целокупниот живот на оштетениот.

Така и стравот го оценуваат медицински стручњаци невропсихијатри и тие даваат елементи врз основа на кои се одлучува за основаноста на барањето за справедлив паричен надоместок поради претрпениот страв. Се разбира дека и во овој случај судовите според своето слободно судиско убедување го определуваат фактот дали стравот е од примерно или секундарна природа како разултат на последиците на други повреди во зависност од тоа дали станува збор за едниот или за другиот се определува поголема или помала висина на досудената парична сатисфакција. Судската пракса признава право на справедлив паричен надоместок заради душевен бол и страв кој оштетениот го трпи и поради неизвесните резултати на лекувањето поради кои дошло до пореметување на психичката рамнотежа во секојдневното живеење на таа личност. Така на пример, постои посебна правна основа за надомест на штета, дали оштетениот трпел долго страв во текот на лекувањето и притоа секогаш бил во неизвесност каков ќе биде исходот од тоа лекување и дали тоа ќе остави трајни последици врз неговиот живот или со лекувањето ќе бидат санирани сите последици.

## IV.ѓ. ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ СМРТ НА БЛИСКА ОСОБА И ОСОБЕНО ТЕЖОК ИНВАЛИДИТЕТ НА БЛИСКА ОСОБА

Во случај на смрт на родителите или децата на припрадниците на семејството им припаѓа надоместок на нематеријална штета. Притоа нашиот закон се определува за определување на паричен надоместок за душевни болки на детето поради смртта на родителите, исто така и на родителите поради смрт на дете. Судската пракса познава повеќе видови на парична сатисфакција во случај на смрт или тежок инвалидитет на блиска особа. Па така кругот на лицата кои имаат право на надоместок од овој вид се: брачниот другар, децата или родителите како членови на потесното семејство, браќата и сестрите на поѓинатата особа ако живеела во заедничка семејна заедница, вонбрачниот другар на умрената особа ако помеѓу нив постоела трајна заедница на живот. Право на парична сатисфакција за претрпени душевни болки поради особено тежок инвалидитет на определено лице повторно имаат овој круг на блиски особи, но треба да станува збор не за “тежок инвалидитет“ туку законот се определува за термин на “особено тежок инвалидитет“. Според нашиот закон, надомест на нематеријална штета за смрт на особено блиска особа, може да се досуди и на браќата и на сестрите, ако се има предвид дека помеѓу нив и умрениот постоела трајна заедница на живот. Во овој круг е и вонбрачниот другар, доколку вонбрачната заедница траела во временски период што го определуваат други прописи.[13]

За досудување на овој вид на штета за одбележување е дека нашиот закон таксативно го определил кругот на лицата кои што се овластени да го бараат овој вид на надомест на штета, а по однос на тоа што може да биде основа за надоместување на штетата поради инвалидитет законодавецот употребил термин “особено тежок инвалидитет на блиска особа“. За тоа што смета за особено тежок инвалидитет Законот за облигациони односи не определил критериуми што значи дека судската пракса ќе ја применува оваа одредба во согласност со стручните медицински вештачења, а особено ќе се имаат во предвид и прописите за инвалидско осигурување. Секако дека при оценката што претставува “особено тежок инвалидитет“ судовите ги проценуваат надворешните манифестации на

инвалидитетот на блиската особа, ангажирањето на блиските во санирањето на последиците од тешкиот инвалидитет ( на пример во случај на неподвижност и целосно нарушување на важните телесни функции кои што бараат од блиските секојдневна грижа за санирање на последиците на повредениот).

Во судската пракса е изразено неподелено мислење дека доколку дојде до оштетувања на мозокот а со тоа и до пропаѓање на психичките и смалување на менталните и интелектуалните функции до таа мерка да животната и работната способност на така тешко повредениот се сведува на минимални граници и секогаш прифаќаат дека таквата состојба укажува на особено тежок инвалидитет и покрај тоа што целината на телесниот изглед тоа не е видливо.

Во оваа смисла од нашата судска пракса во пресуда П.бр.7/08 од 13.07.2009 година на Основниот суд во Струмица, првостепениот суд утврдил дека родителите на повредениот З.Р. претрпеле душевна болка во смисла на загриженост поради инвалидитет на нивниот син и загриженост во врска со неговагата иднина и можноста сам да се грижи за себе, да обезбедува егзистенција и таа болка судот прифатил дека претставува бол од силен интензитет, меѓутоа дека оваа душевна болка дополнително кај родителите уште повеќе се намалувала бидејќи истите дошле до сознание дека нивниот син со помош на ортопедска протеза би можел да се грижи, а и доколку сам обезбеди егзистенција и во голем процент нормален социјален живот што и се случило со неговото вработување и со продолжување на студии на високо образовна институција. Судот утврдува дека оштетениот по завршување на лекувањето почнал да се социјализира во средината каде што живее, истиот почнал да превзема адаптивност за адаптирање на левата рака и обавување на мануелни работи бидејќи истиот бил вработен па заклучил дека јачината и времетраењето на душевниот бол кој го трпеле тужителите ако и во иднина го трпат од страна укажува дека тие имаат право на досудениот надоместок за кој судот сметал дека е правичен надомест. Во износи од по 600.000,00 денари за родителите.

Со ваквото правно становиште се согласил и Апелациониот суд во Штип во пресудата ГЖ.бр.1594/09 од 09.12.2009 година и во своето образложение на таквата одлука нашол дека родителите на тужителот поради губењето на десната шака и делот од подлактицата на нивното малолетно дете З.Р. кое настапило како резултат на несоодветна лекарска грижа, долгото траење на болничкото лекување и физичкото и душевно патење на нивниот син, родителите претрпеле душевна болка која била изразена во душевно патење поради грижата за здравјето на детето и таа била изразена кога од нивна страна била донесена одлука да му се ампутира десната шака на детето за да се спаси неговиот живот. Судот наоѓа дека крајниот исход по завршувањето на лекувањето бил настапен инвалидитет на оштетениот и загриженост на родителите од таа состојба, наоѓајќи дека неговиот инвалидитет не може да се надомести од козметички и функционален аспект со ортопедска протеза. Кај родителите душевната болка постоела и според наодот на судот, таа била намалена откога родителите дошле до сознание дека со помош на ортопедската протеза нивниот син би можел да се грижи сам за себе и да обезбедува егзистенција и во голем процент да оствари нормален социјален живот. И Апелациониот суд прифаќа дека станува збор за “тежок инвалидитет“.

Врз основа на овие факти по повод ревизија од тужениот, Врховниот суд на Република Македонија, во својата одлука Рев.бр.799/10 од 10.11.2011 година, најде дека во конкретниот случај не станува збор за “особено тежок инвалидитет“ кој би конституирал право на родителите за надомест на нематеријална штета поради душевен бол и дека тоа право му припаѓа само на оштетениот. [14] Притоа судот наоѓа дека пониските судови врз основа на медицинското вештачење и другите докази за инвалидноста на оштетениот наоѓа дека не станува збор за неподвижност за да оштетениот не може самиот да ги врши секојдневните потреби, да има потреба за секојдневна грижа од родителите, напротив тужителот како психички здрава особа социјално бил активен, вработен и познат во својата околина, па судот наоѓа дека во конкретниот случај не станува збор за особено тежок инвалидитет кој конституира право на надомест на нематеријална штета и за родителите на оштетениот. [15]

За одбележување е дека при определувањето што претставува особено тежок инвалидитет судската пракса оди во правец дека ова е случај не само со нарушување на телесната целокупност и функционалноста на телото, туку особено тежок инвалидитет имаме и тогаш кога настануваат психички нарушувања како што тешко оштетување на мозокот кој што е ненадоместлив и кој е незаменлив фактор во човечкото живеење.

Во судската пракса се прифаќа дека случај на особено тежок инвалидитет оштетениот има секако право на паричен надоместок бидејќи од тешкиот инвалидитет доаѓа до пореметување на физичките, менталните и интелектуалните функции а со доаѓа и до намалување на животната и работната способност на лицето кое доживеало особено тежок инвалидитет. И покрај тоа што таков надоместок по овој основ им припаѓа и на блиските особи а тоа се родителите или браќата и сестрите на особата која што доживеала особено тежок степен на инвалидност, судската пракса познава досудување на правичен паричен надоместок поради надоместот на душевна болка кај родителите, но само како што е нагласено ако станува збор за особено тежок инвалидитет и ако родителите и детето живеат во иста семејна заедница. Право на надомест на штета и има и душевно болно лице ако се утврди дека тоа лице во одредена мера трпи душевна болка која настанала како резултат на штетен настан. [16]

## IV.е. ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ ПОВРЕДА НА СЛОБОДАТА

Правото на слобода претставува еден од загарантираните уставни права. Оштетениот има право на надомест на материјална и нематеријална штета поради нарушена слобода и судската пракса изобилува со бројни случаи на нематеријална оштета заради неоправдана осуденост или неоправадано лишување од слобода[17]. Постои богата судска пракса која на различен начин се надоместува овој вид на штета. Душевните болки поради неоправданата осуда или неоснованото лишување од слобода претставуваат основ да биде надоместена оваа штета затоа што во овој случај настапува повреда на правото на углед, чест, повреда на слободата и слично. Нашиот Закон за облигациони односи предвидува оштетените да имаат право на надомест на таква штета и за други повреди кои изрично не се наброени но за кои настапуваат слични последици. За кои повреди станува збор одговор треба да даде судската пракса бидејќи Уставот на Република

Македонија ги заштитува како темелни вредности правото на слободна мисла, на слободно изразување на мислата, на совеста, на вероисповеста, неповредливоста на домот, слободата на движење, избор на живеалиште и други права. [18]

Повредата на овие права треба да биде основа за надомест на нематеријална штета поради повреда на угледот, честа, слободата на изразување и слично и вид на надомести сеуште во судската пракса во доволна мера не се застапени иако станува збор за заштита на важни права. Овој вид на надомест на нематеријална штета е предвиден уште со Уставот според кој слободата и правата на личноста се неповредливи и заради тоа секој кој што со незаконито дејствие е лише од слобода или пак е осуден спротивно на законот има право на надмест на штета. Притоа од особено значење е да се нагласи за оваа врста на штета секогаш одговара државата поради незаконити и неправилно работење на нејзините органи и тела. Но веднаш треба да се нагласи дека самиот факт на поведување и долготрајно водење на постапката во кој што оштетениот не бил лишен од слобода сам по себе нема значење на неправилно и незаконито работење на судот или Јавното обвинителство, па и заради тоа во нашиот правен систем не постои. За овој вид на надомест на нематеријална штета како што веќе изнесовме одговорна (пасивно легитимирана) е Република Македонија. Судската пракса бележи становиште дека не припаѓа право на надомест на штета заради неосновано лишување од слобода против лице за кое е одбиено обвинението меѓутоа како сторител на казниво дејствие ако тоа лице е изречена мерка за безбедност “задолжително психијатриско лекување на слобода“ не му припаѓа надоместување на нематеријална штета. Исто така на мислење сме за неосновано лишување од слобода треба да одговара државата и тогаш кога во случај на терористички акти одредени групи лушуваат од слобода граѓани на начин што истите ги киднапираат во затворен простор држејќи ги како заложници.

Во смисла на надомест на нематеријална штета постојат поширок круг на права поради кои може да дојде до надоместување на овој вид на штета и тоа како правото на углед, чест, повреда на слободата [19] и слично особено повреда на правото на авторство, бидејќи авторите имаат право на надомест на штета тогаш кога им се повредени нивните права на име, име на нивното дело и слично. Во секој случај овој вид на надоместок мора да биде димензиониран, да биде справедлив и правичен надоместок.

## IV. з. ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА УГЛЕД ДРУГИ ЛИЧНИ ПРАВА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА

Угледот и добриот деловен глас на определена фирма е предмет на заштита според Законот за облигациони односи. Правото на називот односно фирмата е ознака со која е определено правно лице се индивидуализира во правниот промет. Правото на заштита на фирмите не само заради нивна индивидуализација, туку и правото на називот, односно фирмата значи влијание за деловното и другото работење и спречува да дојде до мешање на правните лица. Поради тоа повредата на тоа право претставува основа на надомест на нематеријална штета. Називот односно фирмата може да се повреди со изрекување на навредливи изрази што ќе имаат влијание на личното право на

углед, добар глас, чес на фирмата и повреда на правото на деловна тајна, слободата на претприемаштво и други основи можат да бидат основ за надоместување на надомест на нематеријална штета.

За разлика од физичките лица при досудување на надоместот на нематеријална штета на правно лице нема да се земат на пример физички болки, душевни болки и слично туку ќе се земаат други лични права на правното лице од кое би зависело угледот на едно трговско друштво. На пример дали дошло до опаѓање на прометот на тоа правно лице, губење на пазарот, намалување на бројот на купувачите на нивните производи, понекогаш дали дошло до тоа да се намали кредибилитетот на тоа правно лице за да може да го загуби пазарот и слично. Надоместокот може да биде во вид на надомест на материјална штета но и надомест во вид на нематеријална штета. Сеуште судската пракса не познава примери кога е барано од судот да досуди парична сатисфакција на некоја фирма и истата да биде досудена поради повреда на кредибилитетот поради објавена негативна статија за нејзиното работење. [20] Меѓутоа во иднина очекуваме дека судската пракса ќе бележи и вакви примери ќе се бара надоместок и во вид на морална сатисфакција но и во вид на нематеријална штета заради нарушениот углед на определена фирма. До формите низ кои може да биде повредено одредено правно лице се различни и тие се движат од навредливо изразување што претставува повреда на личното право на добар углед, глас, чест на таа фирма, добри деловни односи, потоа повреда на нивната деловна тајна, деловната програма, поради изнесување на важни податоци што претставува деловна тајна за определено правно лице. Исто така основа за надомест на ваква штета може да биде, ако е загрозено и правото на слобода на претприемаштво кое како право се гарантира со Уставот на Република Македонија како и слободата на пазарот и еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот. Притоа тоа право може да биде повредено на различни начини со различни дејствија како што е оневозможување на стопанисување преку монополи, нелојална конкуренција и слично. Се разбира дека ова претставува нов институт, ново уредување на нематеријална штета и правните субјекти сега претставуваат во субјект во правото за надоместок на нематеријална штета. На крајот од текстот сакаме да нагласиме дека нематеријалната штета поради заштита на личните права ќе имаат физичките и правните лица и по основи кои изрично и таксативно не се наброени во членот 9 а од Законот за измените и дополненијата на Законот за облигационите односи. За тоа за какви повреди може да стане збор во секој конкретен случај ќе се изјаснува судската пракса. Дополнително може да се утврдуваат и нови форми за основните права и слободи на човекот и на граѓаните кои се пропишани не само со Уставот на Република Македонија туку и со Конвенцијата за заштита на основните човекови права кои што нагласено го гарантираат правото на слобода на мислење, изразување на мисли, слобода на совест, слобода на вероисповедување, неповредливоста на домот, слобода на движење, изборот на местото на живеење и многу други слободи и се разбира дека судската пракса ќе се темели и на праксата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

## ОД СУДСКАТА ПРАКСА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Рев.бр.260/2008**

........."Тужителот има својство на трето лице и како таков има право да бара непосредно од осигурувачот надомест на штета по основ на осигурување од автоодговороност како задолжително осигурување, меѓутоа само доколку возачот по своја вина причинил штета на некое друго возило, во висината на полисата која се издава при ваков вид на осугурување. Тужениот може да плати штета единствено во границите на лимитот на кој се однесува полисата и тоа само доколку возачот на осигуреното возило е виновен односно има одговорност за настанатата штета".

**Рев.бр.287/2007**

..........."Во случај кога не постои причинска врска помеѓу констатираните повреди кај тужителот и сообраќајната незгода, односно со сигурност не е утврдено дека настанатите телесни повреди се од удар кој се случил во сообраќајна незгода за која и нема докази дека е случена на тужителот не му следува надомест на нематеријална штета".

**Рев.бр.1211/2007**

.......... На тужителката С.Д. сопруга на покојниот и на малолетните Е.Д. и Н.Д. им припаѓа право на надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки поради смрт на сопруг односно поради смрт на родител, а поаѓајќи од вештачењето правилно се утврдени висината на надоместокот за кои овој суд смета дека на тужителите ќе им ги елиминираат и ублажат психичките болки кои ги имале поради претрпени душевни болки за смрт на брачен другар и на родител. Досудените износи се реални согласно на интензитетот и времетраењето на повреденото добро и за целта за кое служи тој надоместок во смисла на одредбата од член 189 од ЗОО".

**Рев.бр.1419/2008**

.......... "Справедлив паричен надоместок по основ претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице од член 190 од Законот за облигациони односи, судот наоѓа дека им припаѓа и на тужителките Т.К и Д.К сестри на покојниот поради смрт на брат на име надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки и досудените износи претставуваат реална сатисфакција за повреденото добро„.

**Рев.бр.379/2010**

............." Досудениот износ по основ на нематеријална штета за претрпена душевна болка поради намелена животна активност, претрпен бол, страв и нагрденост и покрај медицинската квалификација на повредата како лесна телесна повреда, судот оцени дека врз висината на штетата по овие основи има влијание професијата на тужителката која е балерина (едната нога пократка за 1 см) и оваа повреда силно се одразила над професионалните ангажмани на тужителката и нејзиното професионално напредување".

**Рев.бр.1259/2006**

..........."Со оглед на тоа што штетата не настапила во врска со работата и извршувањето на работните задачи, за туженото друштво, нема обврска на тужителите како родителите и братот на починатиот да им исплати материјална и нематеријална штета, бидејќи смртта настапила вон работно време, како директна последица на неговото однесување со прекумерно конзумирање на алкохол".

**Рев.бр.513/2010**

............“ На тужителот му припаѓа право на надомест на нематеријална штета поради неосновано изречен притвор, бидејќи тужителот како млад човек за време на приведувањето и времетраењето на притворот претрпел душевна болка поради повреда на угледот, честа, слободата и правата на личноста“.

**д-р Милка Ристова**
**судија на Врховниот суд**
**на Република Македонија**

---

[1] Во досегашниот Закон за облигациони односи на Република Македонија беше предвидено со член 189 (“Службен весник на РМ“ број 5/03 – пречистен текст).

[2] Законот за измени и дополненија на Законот за облигациони односи (“Службен весник на РМ“број 84/08 од 11.07.2008 година)

[3] Во досегашната пракса на надомест на нематеријална штета на правно лице не беше позната како правен институт, бидејќи самиот Закон за облигациони односи не го познаваше тој вид на штета, но со измените и дополненијата усвоени 2008 година усвоен е институтот на надомест на нематеријална штета на правно лице заради загуба на деловниот углед.

[4] Со член 188 од ЗОО е предвидено: “Во случај на повреда на личноста судот може да нареди, на трошок на штетникот објавување на пресудата, односно на исправката или да нареди штетникот да ја повлече изјавата со која е сторена повредата или нешто друго со што може да се постигне целта“.

[5] Член 9 а од ЗИП на ЗОО (“Службен весник на РМ“ број 84/08 од 11.07.2008)

[6] Види член 187 и 177а од Законот за измени и дополненија на Законот за облигациони односи и член 526-528 од ЗКП и (Службен весник на РМ бр.15/1997......бр.74/04) пречистен текст

[7] Според член 178 од Законот за облигациони односи е предвидено:„ Во случај на повреда на личноста судот може да нареди на трошок на штетникот објавување на пресудата, односно на исправката или да нареди штетникот да ја повлече изјавата со која е сторена повредата, или нешто друго со што може да се постигне целта.

[8] Предмет број 7333/06 од 24.04.2007 година на Европскиот суд за човекови права(CASE OD LOMBARDO ANT OTHERS v.NORVEY) ……………… Судот наоѓа дека досудувањето на штетата (35.000 норвешки нок. во корист на оштетениот е неосновано бидејќи улогата на пресот во презентирањето на слободната информација и идеа за прашања од јавен интерес е во дозволените рамки. Судот наоѓа дека фразата која е користена, а која се однесува на однесувањето на локалната влада, не ги преминува прифатливите граници на критика. ........... Мора да се нагласи дека домашните судови ја поминале тенката линија на надлежност со која располагаат и ја ограничиле дискусијата по прашања од јавен интерес. Мора да се заклучи дека попречувањето било непропорционално на поставената цел, неопходна во демократско општество, согласно член 10 став 2 од Конвенцијата. Соодветно на тоа има повреда на слободата на изразување гарантирана со член 10 од Конвенцијата.

[9] Европската конвеција за човековите права е потпишана во РМ во 1995 (?) а ратификувана во Собранието на РМ во 1997 година.
[10] Види член 10 параграф 2 од Конвенцијата за заштита на човековите права и член 41 од Конвенцијата
Членот 10 од Конвецијата за заштита на човековите права гласи:
Став1 Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење и примање и пренесување на информации или идеи без било какво мешање на јавната власт и без оглед на државните граници. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценци за работа на претпријатија за радиодифузија, телевиски пренос и кината.
Став 2 Остварувањето на овие слободи бидејќи со себе носи и одговорност, може да подлежи на формалности, услови , рестрикции или казни определени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност , за заштита од немири или кривично дело на здравјето или моралот, репутацијата или правата на другите, за заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на авторитетот и на пристрасноста на правосудството.
[11] Во Рев број 703/08 Врховниот суд на Република Македонија завзел правно становиште според кое во сообраќајната незгода која се случила без вина на оштетениот, покрај друго му била повредена и бешиката, заради што подолго време бил приклучен на катетар, поради што оштетениот – тужителот како млад човек трпел големи нелагодности на секојдневното живеење и покрај тоа што овие нелагодности со медицинското лекување се целосно санирани.

[12] Така под Рев.бр.379/2010 тужителката претрпела лесна телесна повреда со паѓање на металната шипка на бината во театарот, но околноста што таа по професија е балерина оваа повреда (едната нога и пократка за 1 см) силна се одразила над професионалната активност на тужителката поради што таа трпи душевни болки поради намелена животна активност, претрпен бол заради намаленото професионално напредување, страв но и нагрденост кои околности судот посебно ги ценеше за висината на нематеријалната штета.
[13] Законот за семејството (Службен весник на РМ бр.80/92....83/04) пречистен текст
[14] Види П.бр.7/08 од 30.07.2009 година на Основниот суд во Струмица, ГЖ.бр.1594/09 од 09.12.2009 година на Апелациониот суд Штип.
[15] Според Рев.бр.1180/97 од 08.02.2001 година на Врховниот суд на Хрватска е оценето дека смалувањето на животната активност за 50 % не може да се смета за особено тежок инвалидитет кој што би оправдал досудување на надоместок на нематеријална штета на сопругата која што го негувала така оштетениот брачен другар.
Исто така во Рев.бр.1734/87 од 02.02.1988 година Врховниот суд на Хрватска завзема становиште дека не постои законска основа на брачниот другар да се признае право на надомест на штета за душевна болка која има за последица губење на потенцијата на другиот брачен другар.

[16] При формирањето на посебно семејство на децата да се досуди справедлив паричен надоместок се цени околноста дали родителите и децата имаат сочувано и натаму блиските емоционални контакти или се нарушени нивните односи. Во случај на смрт на повеќе лица надоместот се досудува во еден износ имајќи во предвид сите околности од особено фактот таквиот настан несомнено дека секогаш предизвикува огромна болка и страдање на блиските членови на семејството кои живеат заедно . Што се однесува до справедливиот паричен надоместок на особено тежок инвалидитет треба да се има во предвид не само нарушувањето на телесниот интегритет и функционалноста на личноста е основа за овој вид надомест, а исто така и оштетувањата во психичката свера како што е тешкото оштетување на мозокот. Тешкиот инвалидитет за родителите претставува основа занадомест само ако тие имаат перманентна и трајна грижа за инвалидизираното лице и степенот на инвалидноста на тоа лице е постојана и без да не може да се грижи за себе без родителската помош.
[17] Оваа материја е регулирана со член 578 став 1 точка 1 од ЗКП.
[18] Според заклучокот на седницата на Одделот на граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија по расправата по реферат од предметот Рев.бр.703/08 како предмет на надомест на нематеријална штета беше и оценка за надомест на нематеријална штета поради повреда на слободата и правата на личноста (правото на слободно движење, правото на неповредливост на домот), по тужба на граѓани од Матејче во врска со настаните во Република Македонија од 2001 година. По сеопфатна расправа Одделот на својата седница од 08.10.2008 година со мнозинство на гласови донесе заклучок дека во овој случај неосновано е барањето за паричен надоместок поради нарушеното право на слободно движење во населеното место и правото на неповредливост на домот .

[19] Со правосилна пресуда ГЖ.бр.1901/2008 од 10.07.2008 година, Апелациониот суд во Скопје утврдил дека на тужителите (новинари) им следува надомест на нематеријална штета за претрпен бол поради повреда на слободата и правата на личноста и им досудил правична парична сатисфакција за секој од нив по 250.000,00 денари.

[20] Рев.бр.1524/2008 на Врховниот суд на Република Македонија ........“ Со изјавата дадена на одржаната прес конференција на тужената политичка партија нема одговорност за остварениот финансиски ефект на тужителот поради намалена продажба на маслото за јадење за утужениот период и правилно е одбиено тужбеното барање на име изгубена заработувачка и трошоци за реклама“.